# Политика за приватност на веб страна

# Политика за приватност на веб страната на SYNLAB и приватност на личните податоци

ПЗУ - дијагностичка лабораторија со биохемиска и микробиолошка лабораторија SYNLAB Скопје е посветена на заштита и почитување на вашата приватност и вашите лични податоци во согласност со Законот за заштита на личните податоци и другите закони на Република Северна Македонија.

Субјектите на SYNLAB во чие име се прави оваа Политика за приватност се идентификуваат со веб-страната: www.synlab.mk

Оваа Политика за приватност ја поставува основата на која ние ќе обработуваме секакви лични податоци до кои може да дојдеме за вас како посетител на нашата веб-страна или на нашите деловни простории или во контакт со било кој од нашите соработници, добавувачи или други деловни партнери. Затоа ве молиме внимателно да ја прочитате оваа Политика за приватност.

## 1. ВАШИ ПОДАТОЦИ ШТО ГИ СОБИРАМЕ

Можеме да ги собереме и обработиме следните податоци за вас:

1.1. **Податоци што ни ги давате**: Ова се ваши лични податоци што вие ни ги давате преку:

1.1.1 пополнување на формулари на нашата веб-страна (или други формулари што ве замолуваме да ги комплетирате);

1.1.2 давање на визит-карта (или слично); или

1.1.3 одговарање на нашата кореспонденција преку телефон, пошта, електронска пошта или на друг начин.

Овие податоци може да вклучуваат, на пример, вашето име и презиме, адреса, е-пошта и телефонски број; податоци за вашиот деловен однос со SYNLAB; и податоци за вашата професионална улога, позадина и интереси.

1.2 **Ваши податоци што ги собира нашата веб-страна и останатите системи**:

1.2.1 Ако ја посетите нашата веб-страна, таа автоматски собира некои податоци за вас и вашата посета, вклучувајќи ја адресата на интернет протокол (IP) што се користи за поврзување на вашиот уред со интернет и некои други податоци, како што се типот на вашиот прелистувач и верзијата и посебните табови на нашата веб-страна што ја посетувате.

1.2.2 Нашата веб-страна, исто така, може да симне „колачиња" на вашиот уред - ова е опишано одделно во нашата Политика за колачиња.

1.2.3 Доколку разменувате електронски пораки, телефонски разговори или други електронски комуникации со нашите вработени и други членови на персоналот, нашите системи за информатичка технологија ќе ги евидентираат деталите за овие разговори, понекогаш вклучувајќи ја и нивната содржина (без притоа да ги снимаме разговорите).

©SYNLAB International GmbH. All rights reserved.

1.3 **Други податоци**: Исто така, понекогаш собираме податоци од други извори. Како на пример:

1.3.1 Доколку имаме деловен однос со организацијата што ја претставувате, вашите колеги или други деловни контакти може да ни дадат податоци за вас, како што се вашите контакт детали или детали за вашата улога во деловниот однос.

1.3.2 Понекогаш собираме податоци од надворешни даватели на податоци или јавно достапни извори за спречување на перење пари, проверка на потекло и слични намени и за заштита на нашиот бизнис и усогласување со нашите законски и регулаторни обврски.

## 2. КАКО ГИ КОРИСТИМЕ ВАШИТЕ ПОДАТОЦИ

2.1. Можеме да ги користиме вашите лични податоци за следниве цели и од време на време може да ги разгледаме информациите за вас што се чуваат во нашите системи - вклучувајќи ги содржините и другите информации поврзани со вашата е-пошта и други комуникации со нас - за усогласеност и деловни цели за заштита како што е опишано:

2.1.1. преработка, администрирање и подобрување на нашата веб-страна и простории и други аспекти на начинот на кој ги спроведуваме нашите операции;
2.1.2. за усогласување со нашите законски и регулаторни обврски и за донесување и бранење на правни барања;
2.1.3 во врска со нашите финансиски и банкарски аранжмани со цел исполнување на договорна обврска;
2.1.4. за оперирање, управување, развивање и промовирање на нашата дејност и, особено, нашиот однос со организацијата што ја претставувате (доколку има) и трансакциите поврзани со ова; и
2.1.5. за заштита на нашата дејност од измама, перење пари, нарушување на довербата, сајбер-напад, кражба на патентирани материјали и други финансиски или деловни криминали.

2.2. До степен дозволив со постоечките закони, овие прегледи ќе се спроведуваат на разумен и пропорционален начин и ќе бидат одобрени на соодветно ниво на управување. Тие во крајна линија може да вклучат објавување на вашите податоци до владините агенции и договорни страни во судски постапки како што е опишано подолу.

2.3. Исто така, повремено до вашите електронски пораки и други комуникации може да пристапат лица кои не се членови на персоналот со кои сте ги размениле за вообичаените цели за управување со бизнисот, но врз предходно овласување и согласно со закон (на пример, кога е потребно, кога некој член на персоналот не е на работа или повеќе не работи за SYNLAB).

2.4. Ќе ги обработиме вашите лични податоци само до потребниот степен со цел да можеме да ги исполниме целите опишани погоре, а потоа само таму каде што ќе процениме дека нашата обработка нема да ви наштети на вас или на вашата приватност на начин на кој ќе го надмине нашиот легитимен интерес во спроведувањето на тие цели.

2.5. Во исклучителни околности, може да се побара од нас со закон да ги откриеме или на друг начин да ги обработиме вашите лични податоци. Во тој случај, ќе бидете информирани дали обезбедувањето на бараните информации е неопходно за почитување на законска обврска или, од друга страна, тоа е чисто доброволно и нема да има никакви импликации ако одбиете да ги обезбедите податоците. Во секој случај, имајте како претпоставка дека податоците ни се потребни за цели на нашето деловно работење или за целите на сообразност (како што е опишано погоре).

2.6. Доколку не сте сигурни дали SYNLAB има потреба од податоците што ги бараме од вас, ве молиме контактирајте го претставникот на SYNLAB кој ги бара податоците или контактирајте со нас (видете подолу) во врска со вашето прашање.

## 3. ОТКРИВАЊЕ И МЕЃУНАРОДЕН ПРЕНОС НА ВАШИТЕ ПОДАТОЦИ

3.1. Можеме да откриваме лични податоци за вас, само доколку сме добиле ваша согласност за истото или онаму каде што е разумно неопходно за различните цели наведени погоре:

3.1.1 на останатите членови на групацијата компании SYNLAB;

3.1.2 на вашите колеги во рамките на организацијата што ја претставувате;

3.1.3 на давателите на услуги кои ја одржуваат нашата веб-страна или други системи за информатичка технологија кои на друг начин ги чуваат или обработуваат вашите информации во наше име (вклучувајќи ги лекарите и другите здравствени работници) под строги услови на доверливост и сигурност;

3.1.4 на лице кое ги презема нашиот бизнис и имот, или релевантни делови од нив;

или

3.1.5 во исклучителни околности:

- до надлежните регулаторни, обвинителни и други владини органи или страни во судски постапки, во која било земја или територија; или

- каде откривањето на податоци се бара од нас по закон.

3.2. Откривањето наведено во параграф 3.1 погоре може да вклучи пренесување на вашите лични податоци во странство. Треба да сте свесни дека ова може да вклучи пренос во земји во Европската Унија/Европската Економска Област и надвор од Европската Унија/Европската економска област/Обединето Кралство на Велика Британија и Северна Ирска. Во таквите случаи, кога пренесуваме лични податоци на други членови на групацијата SYNLAB или на нашите даватели на услуги, ќе обезбедиме преносот да е регулиран со договори или безбедносни механизми за пренос на податоци, вклучително и одлуки за адекватност, дизајнирани со цел да се осигура дека вашите лични податоци се заштитени (вклучувајќи, каде што е соодветно, во согласност со условите одобрени за оваа цел од страна на Агенцијата за заштита на лични податоци на Република Северна Македонија).

3.3. Ве молиме контактирајте нè (видете подолу) доколку сакате да знаете дали постојат вакви договори опишани во параграф 3.2 или, доколку постојат, да видите копија од нив.

## 4. ЧУВАЊЕ И БРИШЕЊЕ НА ВАШИТЕ ПОДАТОЦИ

4.1. Имаме намера да ги чуваме вашите лични податоци точни и ажурирани. Ќе ги избришеме податоците што ги имаме за вас, кога веќе нема да ни бидат потребни за целите за кои се собрани. Вашите лични податоци, во зависност од нивната природа и цел на обработка, се чуваат во согласност со Политиката за чување на лични податоци. Доколку сакате да дознаете повеќе во врска со ова, контактирајте не за повеќе информации.

4.2. Имајте предвид дека можеме да задржиме определени податоци за вас, дури и откако ќе дознаеме дека сте ја напуштиле организацијата што ја претставувате, за да можеме да одржуваме континуиран контакт со вас, доколку и кога повторно ќе стапиме во контакт со вас, како претставник на друга организација.

## 5. ВАШИТЕ ПРАВА

5.1. Во согласност со Законот за заштита на личните податоци, како субјекти чии лични податоци ги обработуваме, ги имате следниве права:

- Да се информирате од SYNLAB за начинот на обработка на Вашите личните податоци и дали истите се користат во согласност со целта заради која се дадени;

- Да поднесете барање до SYNLAB за исправка на Вашите лични податоци, пришто SYNLAB има обврска да ги исправи податоците во рок од 15 дена од приемот на барањето, под услови предвидени во Законот за заштита на личните податоци;

- Да побарате од SYNLAB да ги избрише Вашите лични податоци, при што SYNLAB има обврска да ги избрише Вашите лични податоци во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето за бришење, под услови предвидени во Законот за заштита на личните податоци;

- Да поднесете барање до SYNLAB со кое што ќе ја повлечете согласноста дадена за целите на обработка на Вашите лични податоци;

- Да поднесете приговор до SYNLAB за начинот на обработка на Вашите лични податоци;

- Да поднесете барање до SYNLAB за да ги добиете Вашите лични податоци во структуриран и читлив формат (преносливост);

- Да побарате од SYNLAB да не бидете предмет на одлука заснована единствено на автоматизирана обработка, вклучително и профилирање што има правни последици кон вас, под услови предвидени во Законот за заштита на личните податоци.

5.2.1 Доколку сакате да остварите некое од горенаведените права, Ве молиме контактирајте не (видете подолу во параграф 6 (*Контактирајте нè*).

5.2.2 Исто така, можете да поднесете приговор за нашата обработка на вашите лични податоци до Агенцијата за заштита на лични податоци (https://dzlp.mk/kontakt).

## 6. КОНТАКТИРАЈТЕ НÈ

6.1. Вашите прашања, коментари и барања во врска со оваа Политика за приватност и нашата обработка на лични податоци се добредојдени.

6.2. Ве молиме пратете е-пошта на нашиот Офицер за заштита на податоци Filimena.Boshkovska@synlab.com.

## 7. ПРОМЕНИ НА ОВАА ПОЛИТИКА ЗА ПРИВАТНОСТ

7.1. Сите промени што ќе ги направиме на оваа Политика за приватност во иднина ќе бидат објавени на нашата веб-страна на следниов линк. Заради тоа, Ве охрабруваме, секогаш да ја имате во предвид последно објавената политика за приватност.

И исто така ќе бидат достапни доколку не контактирате на:

Е-пошта: Filimena.Boshkovska@synlab.com
Адреса: ул. Огњан Прица бр.1, лок.3, 4, 5 Скопје
Телефон: (02) 3 107 107

Последно ажурирана на: 21.12.2023 година

©SYNLAB International GmbH. All rights reserved.